Lifelong Learning Programme

UE4SD UNIVERSITY EDUCATORS FOR SUSTAINABLE DEVELOPMENT

**Универзитетски едукатори за одржлив развој (UE4SD)**

# Соопштение за јавноста: На завршната конференција на проектот UE4SD беше промовирана online платформа за ресурси за универзитетски едукатори

**29 јуни 2016, Универзитет од Гибралтар**

Конференцијата „Универзитетите како светилници на промените: Образованието за одржливост ги осветлува патиштата за новиот свет“ беше одржана на 27 и 28 јуни 2016 година на Универзитот од Гибралтар. Конференцијата претставува придонес кон Глобалната акциона програма (GAP) на УНЕСКО за едукација за одржлив развој (ESD) и кон Целите за одржлив развој (SDGs) кои ја признаваат потребата од унапредување на поддршката за универзитетските едукатори заради пренасочување на образованието и учењето за одржлив развој. Исто така, конференцијата претставуваше финална средба во рамки на проектот UE4SD, финансиран од страна на Европската Комисија. Во текот на реализација на Проектот беа идентификувани и документирани низа водечки практики за професионален развој во едукацијата за одржлив развој (ESD) во Европа, што може да ги просветли универзитетите кои се заинтересирани за осмислување на целта на образованието и оние кои претставуваат светилници на општествените промени. На Конференцијата присуствуваа повеќе од 100 учесници од целиот свет. Тие дискутираа за постојните меѓународни рамки и за рамките на Организацијата на ОН (ООН) во поглед на образованието за одржлив развој (ESD), потоа за улогата на високообразовните институции и посебно на универзитетските едукатори во процесите на ESD, како и за можностите за идно вмрежување и соработка помеѓу сите нив. Во три паралелни сесии беа дискутирани неколку различни теми како што се: прашањата за професионален развој, можностите за промени, како и патиштата за повисок квалитет и партнерство.

На конференцијата во Гибралтар, во рамки на проектот UE4SD беше промовирана уникатната алатка – online платформа за професионален развој во образованието за одржлив развој (ESD). Промоцијата ја реализира д-р Александер Лихт (Alexander Leicht), шеф на секцијата „Образование за одржлив развој и глобално државјанство“, при УНЕСКО, Париз. Платформата претставува ресурс за професионален развој што треба да им помогне на оние кои се инволвирани во образовните процеси, за да ги развијат способностите за трансформација што ги бара 21от век т.е. соочување со предизвиците што го носи иднината и потребата од свесност за глобалните процеси, но и да ги донесе овие пристапи во нивните практики на предавање, како и да им помогне на нивните студенти да ги развијат овие компетенции. Оваа online платформа ги содржи најдобрите практики идентифирани ширум Европа и новите активности развиени во рамки на проектот. Ова е прва колекција на материјали наменети за професионален тренинг и градење капацитет на едукаторите за ESD.

Online платформата содржи:

- 26 примери на добри практики и иницијативи за професионален развој во ESD,
- Рамката, дизајнот и употребливите алатки од Академијата за резиденцијален тренинг на UE4SD,
- Нови идеи, водичи и материјали за едукацијата за одржлив развој (ESD) што беа прибрани во рамки на реализација на Проектот UE4SD,
- Преглед на пејзажот на политики за едукација за одржлив развој (ESD) во Европа, како и корисни четива и публикации,
- Видео клипови од партнерите во проектот во кои се споделени искуства за професионален развој во областа на ESD.

Платформата е една од новите алатки и прилагоден пример испорачан во рамки на проектот UE4SD што може да информира за иновации во идната практика и пресврт во разбирањето на ESD и нејзината поврзаност со професионалниот развој. Колегите со ваков образовен приоритет, врз основа на овие ресурси и идната соработка во рамки на Алијансата Коперникус (COPERNICUS Alliance), можат да изградат мрежа на високообразовни институции.

*Комплетни информации за конференцијата можат да се добијат на: http://www.ue4sd.eu/gibraltar.*

*Изработката на online платформата претставува производ на проектот UE4SD што беше финансиран од страна на Европската Комисија во рамки на Програмата за доживотно учење (Lifelong Learning Programme). Платформата е расположива на www.platform.ue4sd.eu.*

*За дополнителни информации во врска со online платформата можете да ја контактирате д-р Алекс Рајан (Alex Ryan) од Универзитетот во Глостершир (University of Gloucestershire): aryan@glos.ac.uk.*

*Повеќе информации во врска со проектот UE4SD можат да се добијат од раководителот Проф. д-р Даниела Тилбури (Daniella Tilbury) од Универзитетот од Гибралтар (University of Gibraltar), daniella.tilbury@unigib.edu.gi, потоа од координаторот на проектот UE4SD при Универзитетот во Глостершир (University of Gloucestershire) ue4sd@glos.ac.uk, како и на веб страната на проектот http://www.ue4sd.eu.*